Република Северна Македонија

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-287/2
Датум: 20-03-2025

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14, а во врска со член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК
## За отфрлање на претставката поради неуредност

**СЕ ОТФРЛА** претставката за заштита од дискриминација бр. 08 – 287/1 од 11.3.2025 година, **ПОРАДИ НЕУРЕДНОСТ.**

## Образложение

На ден 11.3.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација, заведена под архивски број 08-287/1. Во претставката како подносител е наведено правното лице [redacted] без истата да содржи печат од правното лице.

Согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.

**Во претставката немаше наведено ниту седиште на правното лице, ниту телефонски број или електронска пошта за контакт. Врз основа на наведеното се заклучува дека претставката не ги содржи основните елементи за постапување предвидени со член 24, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, а не постојат услови истата да биде доуредена.**

Следствено на тоа, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката со бр. 08 – 287/1 од 11.3.2025 година поради неуредност.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател на Комисијата
Лимко Бејзароски




ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk